Република Македонија
НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР
*Republic of Macedonia*
*NATIONAL CONSERVATION CENTRE FOR CULTURAL HERITAGE*

Дел.бр./*Ref. N$^o$* 01-100/2

Дата/ *Date*: 19.02.2010

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА*
# *НА НАЦИОНАЛНИОТ КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ*
# *ВО 2009 година*

*февруари 2010 година*

ВОВЕД 3

1. Матични функции 4

1.1. *Непланиран увид во состојба на културното наследство* 4

1.2. *Стручна помош на установите за заштита* 6

1.3. *Координација со работата на установите за заштита* 9

1.4. *Стручна контрола на конзерваторски проекти* 10

1.4.1. *Комисијска стручна контрола на проекти изработени од установите за заштита;* 10

1.4.2. *Комисијска стручна контрола на други проекти* 13

1.5. *Конзерваторски надзор* 14

1.5.1. *Конзерваторски надзор со решиние на НКЦ* 14

1.5.2. *Конзерваторски надзор од стручни лица на НКЦ со Решение од УЗКН* 16

1.6. *Изработка на заштитно конзерваторски основи за ГУП и ДУП* 16

1.7. *Стручно усовршување и едукација* 17

1.8. *Издавачка дејност и популаризација на културното наследство* 17

1.9. *Работи на ИНДОК служба* 18

1.10. *Меѓународна соработка и учество на стручни собири* 19

2. Основна дејност 21

*2.1.* Археолошки конзерваторски истражувања и изработка на проекти 21

*2.2.* Конзерваторски истражувања и изработка на проекти 21

*2.3.* Изработка на Конзерваторски проекти за превентивна заштита 22

*2.4.* Хемијски истражувања 23

*2.5.* Реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита) 23

*2.5.1. Архитектура 23*

*2.5.2. Ѕидно сликарство 24*

*2.5.3. Икони и иконостаси 24*

*2.5.4. Дрвена пластика 24*

*2.6. Превентивна заштита 25*

*2.7. Дополнителни програмски активности 25*

*2.7.1. Валоризација* 25

*2.7.2. Започнати постапки за валоризација 25*

*2.7.3. Ревалоризација* 25

*2.8.* Посебни активности; 26

*2.9.* Вонпрограмски активности 26

3. Други работи врз основа на закон 28

*3.1.* Нормативно - правни работи 28

*3.2. Судски предмети 29*

*3.3. Финансиско - сметководствени работи 29*

*3.4. Општи работи 29*

Заклучни согледувања 31

## *ВОВЕД*

Извештајот за работа на Националниот конзерваторски центар - Скопје (во понатамошниот текст НКЦ) во 2009 година содржи показатели за реализацијата на Годишната програма за отстварување на националниот интерес во културата и дополнителните активности финансирани од Буџетот на Р. Македонија, како и податоци за видот и обемот на стручните работи кои се извршени по различни основи со средства од други извори.

Прегледот е систематизиран според структурата на законските активности на установата и финансираните позиции по усвоента Програма, односно склучениот Договор со Министерството за култура. Податоците се базирани врз службената документација, поднесените секторски извештаи за реализација на одделните проекти и активности како и врз работните извештаи на извршителите.

Во согласност со нормативните акти, Годишниот извештај го изготвува Програмскиот директор. Извештајот го поднесува Директорот на установата, а го усвојува Управниот одбор.

# 1. Матични функции

Матичните функции во 2009 година Националниот конзерваторски центар ги отстваруваше по седум одделни основи: непланиран увид во состојбата на културното наследство, стручна помошна установите за заштита, координација со работите на установите, стручно усовршување и едукација, издавачка дејност и популаризација, работа на информативно документациската служба и меѓународна соработка (по посебна програма).

Покрај тоа, беа извршувани и јавните овластувања за стручна контрола на конзерваторските проекти изработени од установите за заштита и од други правни лица, конзерваторски надзор над вршење непосредна заштита и изработка на заштитно конзерватторски основи за ГУП и ДУП.

## 1.1. *Непланиран увид во состојба на културното наследство*

1.1.1. Увид во состојба на заштитено недвижно добро: Куќа на ул.-Јосиф Даскалов бр.80 – Бидикова куќа - Кратово;

1.1.2. Увид во состојба на заштитено недвижно добро: Манастир Св.-Богородица во Берово;

1.1.3. Увид во состојбата на Стара чаршија во Крива Паланка;

1.1.4. Увид во состојбата на заштитено недвижно добро: Куќа од старогградската архитектура на ул. Х.Т. Карпош бб, (Стара Кожара) во Крива Паланка;

1.1.5. Увид во состојба на архитектонските објекти во манастирот Св.-Богородица Пречиста –Кичевска;

1.1.6. Увид во состојбата на културното наследство во опасност: Куќата на Даут Болети, ул. Мајор Чеде Филиповски, бр.68 – Гостивар;

1.1.7. Увид во состојбата на црквата Св. Јован Богослов, с. Лаки, Виница; /стручна помош;

1.1.8. Увид во состојбата на црква во урнатини Св. Ѓорги во с. Кокино, /стручна помош

1.1.9. Увид во состојбата на црквата "Св. Никола", с. Трново, Крива Паланка,

1.1.10. Увид во остатоците од темелните партии на родната куќа на Ќемал Ататурк, с. Коџаџик, општина Центар Жупа;

1.1.11. Увид во состојбата на заштитено недвижно добро; Куќа на ул.-Ѓорче Петров бр. 2 - Тетово;

1.1.12. Увид во состојбата на заштитено недвижно добро: Манастир Св. Архангел Михаил  во Берово;

1.1.13. Увид во состојба на заштитените недвижни добра во Дебар со проценка на штетите направени од неодамнешниот земјотрес во Дебарскиот регион;

1.1.14. Увид во состојба на црквата Св. Петка во с. Селник –Делчево;

1.1.15. Увид во состојбата на Спомен костурницата од НОВ – Велес;

1.1.16. Увид во состојбата на цр. Св. Ѓорѓи, с. Црквино - Велес;

1.1.17. Увид во состојбата на куќата на Сујлемани Алија Иџлал, ул.-К.Ј.Питу бр. 130 Тетово;

1.1.18. Увид во состојбата на иконите во цр. Св. Ѓорѓи, с. Лазарополе - Маврово Ростуше;

1.1.19. Увид во локација за базна станица за мобилна телефонија ТЕОВО, с. Крива круша - Чашка, по барање на Т-мобиле, Скопје;

1.1.20. Увид во локација на „Стопански комплекс БУЧЕТО" по барање на општина Неготино;

1.1.21. Увид во состојба на археолошки локалитет БОРЧЕ, с.-Никифорово - Маврово Ростуше, по барање на Здружение на граѓани НИКИФОРОВО;

1.1.22. Увид во состојба на археолошки локалитети во с. Добри дол по барањена општина Врапчиште;

1.1.23. Увид во локација за Градска болница во Кавадарци;

1.1.24. Увид во локација за базна станица за мобилна телефонија во с. Бохула Кавадарци;

1.1.25. Извршени повеќе увиди во состојбата и во непосредните активности што се превземени по опожарувањето на конаците на Бигорски манастир, по службена должност и по барање од Министерството за култура и од УЗКН;

1.1.26. Увид во состојба на Стар амам Дебар;

1.1.27. Увид во состојба на Стар амам Тетово;

1.1.28. Увид во состојба на Серсем Али баба теќе - Тетово;

1.1.29. Увид во состојба на цр. Св. Ѓорѓи Попедоносец - Младо Нагоричане;

1.1.30. Увид во состојба на цр. Св. Никола, с. Пласница Македонски Брод;

1.1.31. Увид во состојба на Шарена џамија Тетово;

1.1.32. Увид во состојба на цр. Св. Рождество на Пресвета Богородица, с. Манастирец Македонски Брод;

1.1.33. Увид во состојба во цр. Св. Атанасиј (Стар манастир), с. Лешок Теарце;

1.1.34. Увид во состојба на цр. Св. Ѓорѓи, с. Матејче Куманово;

1.1.35. Увид во состојба на Манастир Журче, Демир Хисар;

1.1.36. Увид во состојба на куќа на Ќазим бег во Виница;

1.1.37. Увид во состојба на цр. Св. Илија, с. Стенче Тетово;

1.1.38. Увид во состојба на цр. Св. Никола/Ѓорѓи, с. Орах Куманово;

1.1.39. Увид во состојба на цр. Воведение на Св. Богородица - Карпински манастир, с. Орах Куманово;

1.1.40. Увид во состојба на Стра џамија, с. Теарце, Тетово;

1.1.41. Увид во состојба на основни работни средства на НКЦ во Археолошкиот локалитет СТОБИ, Градско;

1.1.42. Увид во состојба на староградска куќа на ул. Јован Алабаков бр. 12 Велес;

## 1.2. *Стручна помош на установите за заштита*

1.2.1. Конзерваторска обработка на фреско фрагменти од Епископската базилика во Стоби, по барање на НУ за Управување со Археолошки локалитет Стоби;

1.2.2. Изработка на Проект за превентивна конзерваторска интервенција на поден мозаик од западен анекс на Големата базилика во Хераклеа, по барање на Завод и Музеј Битола;

1.2.3. Раководење со конзерваторските работи на непосредна заштита по Проект за превентивна конзерваторска интервенција на поден мозаик од западен анекс на Големата базилика во Хераклеа, по барање на Завод и Музеј Битола;

1.2.4. Конзерваторска обработка на фреско фрагменти од Коцкарница во Стоби, по барање на НУ за Управување со Археолошки локалитет Стоби;

1.2.5. Конзерваторско реставраторски работи на иконописно дело Карпински Чин, по барање на Музеј на Македонија;

1.2.6. Реализација на проект за козерваторски работи на 10 икони од Галерија на икони, по барање на Локален музеј и Галерија Кавадарци;

1.2.7. Конзервација и реставрација на 2 икони од Галерија на икони од НУ Музеј на Македонија;

1.2.8. Истражувачки конзерваторски работи на 2 икони од Галерија на икони во Охрид (во тек);

1.2.9. Конзерваторско реставраторски работи на Царски двери од цр. Св. Никола во ман. Зрзе, по барање на Завод и Музеј Прилеп;

1.2.10. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Атанас, с. Слоешница - Демир Хисар, по барање од Завод и Музеј Битола;

1.2.11. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Атанасије, с.Дупени - Ресен, по барање од Завод и Музеј Битола;

1.2.12. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Атанас, с. Слоешница - Демир Хисар, по барање од Завод и Музеј Битола;

1.2.13. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Јован Богослов с.Слепче - демир Хисар, по барање од Завод и Музеј Битола;

1.2.14. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Спас, Манастир Чебрен, Мариово, по барање од Завод и Музеј Битола;

1.2.15. Хемијска анализа нз ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Никола, с. Зрзе - Прилеп, по барање од Завод и Музеј Прилеп;

1.2.16. Хемијска анализа на ѕидно сликарство и сликарски малтери од цр. Св. Никола, с. Љуботен - скопје, по барање од НУ Конзерваторски центар Скопје;

1.2.17. Хемијска анализа на градежни материјали од цр. Св. Атанасие во Варош - Прилеп, по барање на Завод и Музеј Прилеп;

1.2.18. Одредување на микроклиматски услови и хидроскопна влага во ѕидови и простории на Националната галерија Даут Пашин амам, по барање од Ну Конзерваторски центар Скопје;

1.2.19. Физичко хемијски испитувања на ѕидно сликарство на црквата Св. Ѓорѓи с. Горни Козјак, по барање на Завод и музеј Штип;

1.2.20. Конзерваторско реставраторски работи на поден мозаик во археолошкиот локалитет Баргала с. Горни Козјак, по барање на Завод и Музеј Штип;

1.2.21. Хемијска анализа на малтери од Археолошкиот локалитет Кастел, с. Кожле - Катланово; по барање на НУ Музеј на Македонија;

1.2.22. Експертиза на икони, по барање од НУ Музеј д-р Никола Незлобински, Струга;

1.2.23. Физичко хемијски анализи на малтери, за изработка на конзерваторски проект за Ќуќа на ул Партизанска бр. 38, Крушево, по барање на НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.2.24. Стручна помош за начин на изготвување на конзерваторски проекти (манастирски конаци), по барање на НУ Завод и Музеј Прилеп;

1.2.25. Учество на едно стручно лице - археолог во истражувања на локалитетот Баргала, с. Горни Козјак, по барање на Завод и Музеј Штип;

1.2.26. Учество на едно стручно лице - археолог во истражувања на локалитетот Градиште с. Кнежје, Св. Николе, по барање на Народен Музеј Св. Николе;

1.2.27. Учество на едно стручно лице - археолог во истражувања на Јени џамија во Битола, по барање на НУ Завод и Музеј Битола;

1.2.28. Учество на едно стручно лице - археолог во изработка на конзерваторски проект за локалитет Голем град - с. Коњух - Кратово, по барање на НУ Музеј на Македонија;

1.2.29. Теренско снимање и изработка на фотоматеријали за изложбата “Портали од исламски верски објекти” по барање од НУ Музеј на Македонија;

1.2.30. Стручна помош во изработка на техничка документација за Проект за осветлување и урбано уредување на Арх. лок. Виничко Кале, по барање на Општина Виница;

1.2.31. Консултации за реконструкција на под во изложбен музејски простор, по барање на НУ Музеј на Западна Македонија;

### 1.3. *Координација со работата на установите за заштита*

Во рамките на оваа матична дејност организирани се три состаноци на ниво на директори на установите за заштита.

Првиот состанок е одржан во Националниот конзерваторски центар на 13.01.2009. Направен е осврт врз искуствата од претходната година, како репер за натамошна координирана соработка. Укажано е на потребата да се определат приоритети во динамиката на програмските активности за 2009 година поради ограничениот кадровски потенцијал за давање на стручна помош од страна на НКЦ и договорено е установите за заштита да достават списоци на приоритети по објавување на Програмата за 2009 година, после кое ќе се одржи следниот координативен состанок. Расправано е и за висината на надоместоците за стручни комисии а за договорените (усогласени) износи да се побара и мислење од Министерството за култура. Исто така, повторно е констатиран проблемот со недостаток на теренски возила за чие надминување треба да се побара разрешување од Министерсвото за култура.

Вториот состанок е одржан во НУ Завод и Музеј Битола на 11.02.2009 година. Констатирано е дека од Министерството за култура не е добиен одговор за висината на надоместоци за стручните комисии. Од страна на директорите беа посочени проектите за кои установите за заштита ќе побараат стручна помош од НКЦ, иако во писмена форма не беа дадени податоци. Дискутирано е и за недостигот на стручен кадар во установите; за потребата од натамошно ангажирање на соработници по договор и други актуелни прашања од домен на работењето.

Третиот состанок е одржан во во НУ Завод и Музеј Охрид на 28.04.2009 година во НУ Завод и Музеј Охрид. расправано е околу прашањата за усогласување на финансиското работење на институциите; привремените вработувања и потребата за вработување на лица кои со договори за дело повеќе години работат во установите; за потребите од стручно усовршување; за потребата да се разговара со Министерството за култура за унифицирање на коефициентите на платите. Исто така беа елаборирани прашања околу најавеното намалување на средствата за дејноста во 2009 година поради економската криза и одразот врз реализацијата на проектите, како и врз состојбите со материјалните трошоци на установите.

## 1.4. *Стручна контрола на конзерваторски проекти*

### 1.4.1. ***Комисијска стручна контрола на проекти изработени од установите за заштита;***

1.4.1.1. Идеен Проект за конзервација на куќа на ул. Партизанска бр. 38 во Крушево , изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.2. Идеен проект за препокривање на куќа на ул. Таки Бербер бр. 16 во Крушево, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.3. Основен проект за конзервација на куќа во која е прогласена Крушевската република во Крушево, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.4. Идеен и Основен проект за санација и преуредување на Меморијален музеј 11-ти Октомври 1941год. - Прилеп, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.5. Основен проект за темелна реконструкција на јужниот конак од манастирот Св. Никола, с. Манастир, Прилеп, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.6. Идеен проект за темелна реконструкција на источниот конак од манастирот Св. Архангели, Варош, Прилеп, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.7. Препокривање на црквата Св. Никола, с.Слепче, Прилепско, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.8. Препокривање на црквата Св. Никола, с.Слепче, Прилепско, изработен од НУ Завод и Музеј - Прилеп;

1.4.1.9. Комисија за стручна контрола на Адаптација на подрумски простории на Локален Музеј - Галерија, Кавадарци*;*

1.4.1.10. Проект за конзервација и реставрација на Шест фрагменти од фрескоживописот од средновековната црква - археолошкиот локалитет Базилика во старото урбано јадро - Орта џамија - Струмица, изработен од НУ Завод и Музеј - Струмица;

1.4.1.11. Основен проект за препокривање со ребраст лим на кровот од зградата на НУ Завод и Музеј -Струмица, изготвен од *Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица,*

1.4.1.12. Основен проект за конзервација и реконструкција на Саат кулата - Дојран, изработен од НУ Завод и Музеј - Струмица;

1.4.1.13. Анекс на Проект за конзервација на архитектурата на црквата "Св. Никола" с. Косел , охридско, изготвен од *Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид,*

1.4.1.14. Проект за препокривање и конзервација на дел од подови од приземјето и катот на Куќата на Робевци во Охрид, изработен од НУ Завод и Музеј - Охрид;

1.4.1.15. Анекс на Основен проект - Реконструкција на праисториска езерска населба, конзервација и реставрација на остатоци од тврдина од римски период, музеј и база за подводна археологија, со партерно уредување на комплексот Охридско Езеро - Залив на коските - Плоча Миќов град, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид

1.4.1.16. Проект за конзервација на архитектурата на "Куќата на Бојаџиеви" во Охрид, изготвен од *Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид,*

1.4.1.17. Проект за санација на куќата на Патчевци на ул. "Цар Самоил" бр.60 во Охрид, изготвен од *Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид,*

1.4.1.18. Проект за промена на кровен покривач, ревизија и санација на дасчаната оплата од кровната конструкција и санација на дел од подовите од приземјето и првиот кат од "Куќата на Робевци" во Охрид, изготвен од *Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид;*

1.4.1.19. Проект за конзервација и ревитализација на Воска Амам - Охрид, изготвен од НУ завод и Музеј Охрид;

1.4.1.20. Основен Проект за заштита преку АБ бунари за манастирскиот комплекс Св. Петка с. Велгошти - Охрид и Геомеханички елаборат за манастирскиот комплекс Св. Петка, с. Велгошти - Охрид, изработен од ГЕОИНГ МК ДОО - Скопје

1.4.1.21. Комисија за стручна контрола на конзерваторски проект: *Проект за конзервација и реставрациа на фасадата на куќа на ул. Маршал Тито бр.102 во Битола* , изработен од НУ Завод и Музеј - Битола;

1.4.1.22. Комисија за стручна контрола на конзерваторски проект: *Проект за конзервација и реставрациа на фасадата на куќа на ул. Маршал Тито бр.113 во Битола* , изработен од НУ Завод и Музеј - Битола;

1.4.1.23. Комисија за стручна контрола на конзерваторски проект: *Проект за конзервација и реставрациа на фасадата на куќа*

*на ул. Маршал Тито бр.130 во Битола* , изработен од НУ-Завод и Музеј - Битола;

1.4.1.24. Комисија за стручна контрола на конзерваторски проект: Проект за конзерваторско -реставраторси работи на црквата Св. Богородица, с.Дивље, Скопско, изработен од НУ-Конзерваторски центар- Скопје;

1.4.1.25. Проект за партерно уредување на Еврејски гробишта во Штип, изработен од НУ Завод и Музеј Штип;

1.4.1.26. Основен проект за конзерваторско рестараторски работи на гробовите во Еврејски гробишта Штип, изработен од НУ Завод и Музеј Штип;

1.4.1.27. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Самоилова тврдина - Сектор 3, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.28. Проект за конзерваторско реставраторски работи на иконостасот во северниот параклис и реконструкција на иконостасот во јужниот параклис од црквата Св. Никола Штип, изработен од Завод и Музеј Штип;

1.4.1.29. Проект за конзервација на живописот на цр. Св. Ѓорѓи, с.-Горни Козјак, изработен од НУ Завод и Музеј Штип;

1.4.1.30. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Археолошкиот локалитет Плаошник - Охрид, Истражувачко поле 4, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.31. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Археолошкиот локалитет Плаошник - Охрид, Истражувачко поле 2/5 и 3, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.32. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Археолошкиот локалитет Плаошник - Охрид, Истражувачко поле 2/3 и 2/4, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.33. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Археолошкиот локалитет Плаошник - Охрид, Истражувачко поле 2/2 и 2/3, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.34. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на Археолошкиот локалитет Плаошник - Охрид, Истражувачко поле 5, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.35. Проект за конзервација на 8 икони од иконостасниот трезор на Манастир Трескавец, изработен од НУ Завод и Музеј Прилеп;

1.4.1.36. Проект за конзервација на дел од мозаичните подови од Археолошкиот локалитет св Никола - во с. Октиси, струшко, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид;

1.4.1.37. Проект за конзервација и реставрација на Владичин трон во цр. Св.Никола Штип, изработен од НУ Завод и Музеј Штип;

1.4.1.38. Анекс на Проект за конзервација и санација на Самоилова тврдина во Охрид - Кула Ј'но, изработен од Завод и Музеј Охрид;

1.4.2. ***Комисијска стручна контрола на други проекти***

1.4.2.1. Идеен и Основен проект за реконструкција на куќа на ул.-Маршал Тито бр.125 во Крива Паланка;

1.4.2.2. Идеен и Основен проект за изведба на ограда на Домот на културата Лазар Софијанов во Кратово;

1.4.2.3. Идеен проект за градба на објект на ул. Маршал Тито бр.-125 во Кичево;

1.4.2.4. Проект за санација на Музејска зграда на ММ на ЦК КПМ во Тетово,

*1.4.2.5.* Идеен проект за реконструкција на кровна конструкција на индивидуален станбен објект на раскрсницата на ул.-“ЈНА” и “Борче Јовановски” во Гостивар**,** *изработен од АД Полог Проект - Гостивар;*

1.4.2.6. Проект за конзервација - адаптација, внатрешно и надворешно осветлување на јавен објект - Турски амам во Тетово*, изработен од Арт- “Линеа”, ДООЕЛ Експорт - Импорт од Гостивар,*

*1.4.2.7.* Идеен проект за доградба и реконструкција на станбено - деловен објект на ул. “Маршал Тито” бр. 4 во Кратово, *изработен од ПЕЛАС Инженеринг ДОО - Штип.*

## 1.5. *Конзерваторски надзор*

### 1.5.1. ***Конзерваторски надзор со решиние на НКЦ***

1.5.1.1. Континуирано вршењето на конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита: реставрација и конструктивно зајакнување на куполата и фасадните ѕидови на Мустафа пашината џамија - Скопје;

1.5.1.2. Адаптација на подрумските простории во “Локалниот Музеј - Галерија Кавадарци;

1.5.1.3. Изградба на источен крак на нов конак во Бигорски манастир “Свети Јован Крстител”, с. Ростуше, *општина Маврово-Ростуше;*

1.5.1.4. Реконструкција на покривот и санација на објектот на ул. ЈНА КП1462 во Гостивар;

1.5.1.5. Конзервација и реставрација на Симиќева кула во Кратово***;***

1.5.1.6. Реконструкција на семејна станбена зграда со деловен простор на ул. “Маршал Тито” бр.125, КП 2879, КО Крива Паланка;

*1.5.1.7.* Изградба на ограда околу објектот ЈУ Дом на културата “Лазар Софијанов” - Кратово, *ул. “Партизанска*” и *ул. “Ѓуро Салај*” Кратово*;*

1.5.1.8. Конзервација и реставрација на 26 икони од цр. Св. Јован Крстител, с. Булачани - Скопје (втора фаза);

1.5.1.9. Реализација на непосредна заштита на мозаичен под од јужен анекс во Големата базилика во Хераклеа Линкестис - Битола;

1.5.1.10. Конзервација и реставрација на Самоилова тврдина, Охрид - сектор 3;

1.5.1.11. Конзервација и реставрација на Археолошки локалитет Плаошник, Охрид, истражувачко поле 4;

1.5.1.12. Конзервација и реставрација на Археолошки локалитет Плаошник, Охрид, истражувачко поле 2/5 и 3;

1.5.1.13. Конзервација и реставрација на Археолошки локалитет Плаошник, Охрид, истражувачко поле 2/3 и 2/4;

1.5.1.14. Конзервација и реставрација на Археолошки локалитет Плаошник, Охрид, истражувачко поле 2/2 и 2/3;

1.5.1.15. Конзервација и реставрација на Археолошки локалитет Плаошник, Охрид, истражувачко поле 5;

1.5.1.16. Конзерваторско реставраторски работи на Градска порта - *Пропугнакулум* на арх. лок. Баргала- с. Горни Козјак - Штип;

1.5.1.17. Конзервација на дел од мозаици на археолошки локалитет Св. Никола с. Октиси - Струшко;

1.5.1.18. Санација на кровна конструкција и подови на “Куќа на Робевци”, Охрид;

1.5.1.19. Конзерваторско реставраторски работи на ограден ѕид на Орта џамија во Струмица;

1.5.1.20. Конзервација и статичко зајакнување на објектот Турска пошта во Струмица;

1.5.1.21. Конзервација и реставрација на фасади на објект на ул. Маршал Тито бр. 139, Битола;

1.5.1.22. Конзервација и реставрација на фасади на објект на ул. Маршал Тито бр. 113, Битола;

1.5.1.23. Адаптација на подрумски простории на локален музеј и Галерија - Кавадарци;

1.5.1.24. Конзервација на живописот во цр. Св. Константин и Елена во Охрид;

1.5.1.25. Конзервација и реставрација на ѕидно сликарство од цр.-Св. Ѓорѓи, Горни Козјак - Штипско (прва фаза);

1.5.1.26. Темелна реконструкција на Јужен конак од манастирот Св. Никола во с. Манастир, Мариово;

1.5.1.27. Надзор над расчистување на опожарените конаци во Манастирот Св. Јован Бигорски;

1.5.1.28. Конзерваторско реставраторски работи на иконостас и икони од цр. Св. Спас, с. Раштак - Скопско;

1.5.1.29. Конзерваторско реставраторски работи на поден мозаик во западен анекс на Големата базилика - Арх. лок. Хераклеа, Битола;

1.5.2. ***Конзерваторски надзор од стручни лица на НКЦ со Решение од УЗКН***

1.5.2.1. Конзерваторски надзор над конзервација и реставрација на објектот Војничка трапезарија со кујна на арх. лок. Балтепе - Тетово;

1.5.2.2. Конзервација и реставрација на Царски двери од цр.-Св.-Никола / Св. Ѓорѓи с. Орах Кумановско;

1.5.2.3. Конзервација и реставрација на Царски двери од цр.-Св.-Никола с. Зрзе, Прилеп;

1.5.2.4. Конзервација и реставрација на престолна икона Влезна врата и надверије од иконостас од манастирот Слепче (прва фаза);

1.5.2.5. Изведба на дренажен систем на Шарена џамија во Тетово;

1.5.2.6. Изведба на кровна конструкција на црквата Св. Атанасие (Стар Манастир), с. Лешок - Тетово;

1.5.2.7. Козервација и реставрација на фасадите од куќата на Мехмед Палоши во Тетово (втора фаза);

## 1.6. *Изработка на заштитно конзерваторски основи за ГУП и ДУП*

1.6.1. Изработка на ЗКО со третман на културното наследство за потребите на ДУП за централното градско подрачје - дел од урбани блокови 25 и 26 во УЕ 3 и дел од урбан блок 34 во УЕ В во Велес. Завршена е изработката и добиено е Решение за одобрување на ЗКО од УЗКН;

1.6.2. Изработка на ЗКО со третман на културното наследство за потребите на ДУП за дел од локалитетот Пазар, дел од блок 32,47 и 48 во Велес. Изработката е завршена и добиено е Решение за одобрување на ЗКО од УЗКН;

1.6.3. Изработка на ЗКО со третман на културното наследство за потребите на Измени и дополнувања на ГУП на град Дебар. Изработката е завршена и добиено е Решение за одобрување на ЗКО од УЗКН;

1.6.4. Изработка на ЗКО со третман на културното наследство за потребите на ДУП за дел централното градско подрачје на дел од урбан блок 66 во Тетово . ЗКО се завршени, и добиено е Решение за одобрување на истите од УЗКН;

## 1.7. *Стручно усовршување и едукација*

Во согласност со Годишната програма, од Министерството за култура беа дозначени средстава за стручно усовршување во Институтот за уметност и реставрација Палацо Стинели во Фиренца, Р. Италија и тоа: тримесечен курс за конзервација и реставрација на ѕидно сликарствои (за едно стручно лице), и едномесечен курс за реставрација на слики на дрво (за едно стручно лице). Бидејќи средствата беа недоволни за обете усовршувања, со согласност на апликантите и со одобрување од Министерството за здружување на средствата, реализиран е само три месечниот курс за ѕидно сликарство (м-р-В.-Муковски).

## 1.8. *Издавачка дејност и популаризација на културното наследство*

1.8.1. Издадено е списанието Културно наследство бр. 34 за 2008 година;

1.8.2. Издадена е монографијата Саат кулите во Република Македонија од Мирјана Димовска Чоловиќ; (пренесена обврска од 2008 година)

1.8.3. Отпечатена е публикацијата ПАЗАЧИ НА СТАРИНИТЕ, издадена по повод 60 години од формирањето на Националниот конзерваторски центар (во рамки на финасираната посбена активност "Одбележување на 60 години јубилеј на институцијата" која е претставена под точката "Издавачка дејност");

1.8.4. Издадени се три популарни брошури: Амамот во Тетово, Цр.-Света Богородица во Лешок и Арабати баба теќе во Тетово;

1.8.5. Монографија Крушевска куќа (автор д-р М. Николоска) во подготовка;

1.8.6. Монографија Чаршијата во архитектонско-урбанистичката структура на градовите во Република Македонија од м-р Снежана Герасимовска Матеска, во подготовка;

1.8.7. Учество на саем на книгата во Скопје (08-14.04.2009);

1.8.8. Учество на саем на книгата во Битола (26-31.05.2009);

За списанието Културно наследство бр. 35, за 2009 година, трудовите се прибираат.

## 1.9. *Работи на ИНДОК служба*

### 1.9.1. *ИНДОК центар*

1.9.1.1. Прием сместување и мануелна обработка на документацијата во дескриптотека, планотека, фототека, ЦД-тека, хемеротека, евиденција на движно културно наследство (икони и црковен инвентар ) и фонд на конзервирани икони;

1.9.1.2. Компјутерска обработка на пишана,техничка и фото документација (скенирање, изработка на фотокартони, контакти и фотографии, снимање ЦД - а, изработка на мастер ЦД-а и ДВД-а ) ;

1.9.1.3. За Програмата за ревалоризација и валоризација за 2009 год. :

- Изготвени и дистрибуирани барања до Државен завод за геодетски работи , Одделение Предмер и катастар и Општински собранија- одделение за урбанизам за добивање документација која е вградена во Елаборатите;
- Изработка на инвентарни листи (дескриптивна, техничка и фото документација;
- Изработка на фотодокументација ( фотокартони и др. ) ;
- Изработка на картографски приказ и исечок од топографска карта со координати и од физичка карта;

1.9.1.4. Работа со странки ,координација на работата и стручна помош на Н У ЗЗСК и други установи и поединци

1.9.1.5. Изготвување на апликации за Програмата за работа на ИНДОК центар за 2010год

1.9.1.6. За издавачка дејност изготвени се решенија и испечатени подготовки за монографиите Чаршиите во Македонија од Снежана Герасимова - Матевска и Крушевска куќа од Марула Николовска кои треба да бидат печатени во 2010 год.

1.9.1.7. Изработка и хостирање на нов WEB http*://www.heritage.gov.mk;*

1.9.1.8. Перманентно одржување на компјутерската мрежа и телефонската централа.

1.9.1.9. Вршење и други услуги за повеќе служби во НКЦ: изготвување месечни извештаи за донации; месечни пресметки за Космофон; Годишен извештај за 2009г.;

подготовка на дел од програмата за 2009г.; фотокопирање и укоричување .

1.9.1.10. Попис на архивската граѓа за 2008год

1.9.1.11. Учество во организациониот одбор за одбележување на 60 години на НКЦ.

1.9.2. ***Фото лабораторија***

1.9.2.1. Снимање и изработка на фото документација за елаборатите за валоризација и ревалоризација на културното наследство во РМ во 2009год. ;

1.9.2.2. Снимање и изработка на фото документација во текот на конзерваторски и археолошки истражувања, конзерваторски проекти, и фото документација по завршување на работите на непосредна заштита;

1.9.2.3. Превентивна заштита на дигиталната МАСТЕР документација од ЦД на НАС ;

1.9.3. ***Специјална библиотека***

1.9.3.1. Инвентирање и сигнирање на библиотечниот материал (мануелна и автоматска обработка на податоци на монографски и периодични публикации;

1.9.3.2. Издавање нови задолженија за монографски и периодични публикации;

1.9.3.3. Ажурирање на базата на податоци на задолженија за монографски и периодични публикации од претходните години;

1.9.3.4. Реализирање на размена на публикации ( во Република Македонија и дел во странство );

1.9.3.5. Изготвување на статистички извештај за библиотеките во Република Македонија согласно член 26 од Законот за државна статистика ;

1.9.3.6. Изготвен е Преглед на набавени монографски и периодични публикации во библиотечниот фонд на библиотеката во периодот од 1.01.2009 - 31.12.2009 година.

## 1.10. *Меѓународна соработка и учество на стручни собири*

1.10.1. Учество на регионална работилница “Проценка и неопходност за утврдување на приоритет во заштитата на

културното наследство во европскиот регион” Бања Лука Босна и Херцеговина 19 - 21.10.2009, во рамките на регионален проект “Нуклеарни техники во заштитата на Европското културно наследство” финансиран од Европска агенција за обнова и развој;

1.10.2. Учество на регионален координативен состанок во рамките на регионалниот Проект Нуклеарни техники во заштитата на културното наследство во Медитеранот (финансиран од Меѓународна агенција за атомска енергија ИАЕА), одржан во февруари 2009 година во Виена, Р. Австрија;

1.10.3. Во рамките на националниот проект “Употреба на нуклеарни техники во испитување на националното културно наследство” остварен е стручен престој во Реставраторскиот центар во Загреб од 21 - 24. 07. 2009 година, при што е потпишан меморандум за соработка;

1.10.4. Во рамките на проектот “Стручна соработка со сродни институции во Р. Албанија и Р. Грција” остварена е работна посета на Институтот за заштита на споменици на Р. Албанија, од 05 - 06.11.2009 година, при што е потпишан меморандум за соработка;

1.10.5. Учество на Конзерваторски форум 2009 во Софија, Р. Бугарија, со презентација на труд “Истражување и конзервација на Царски двери од Шопско Рударе - Кратово во Р.-Македонија”, со постер презентација;

1.10.6. Учество на Меѓународен ден на културното наследство, одржан во Струмица, со презентација на труд “Истражувачки работи врз артефакти од културното наследство со примена на инструментално аналитички техники”;

1.10.7. Престој во Р. Турција врз основа на склучената Спогодба помеѓу директорот на НКЦ и директорот на Дирекцијата за културни добра и за музеи при Министерството за култура и туризам на Р. Турција.

# 2. Основна дејност

Основната дејност на Националниот конзерваторски центар во 2009 година опфати: археолошки истражувања и изработка на конзерваторски проекти за археолошки објекти, конзерваторски истражувања и изработка на проекти, хемиски истражувања, реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита на сакрална и профана архитектура, ѕидно сликарство, икони и иконостаси, дрвена пластика) и превентивна заштита на недвижни добра.

Дополнително беа вклучени валоризација и ревалоризација на недвижни културни добра, посебни активности по барање или со решение на други правни лица и вонпрограмски (договорни) активности.

## *2.1.* Археолошки конзерваторски истражувања и изработка на проекти

2.1.1. Извршени се археолошко конзерваторски истражувања на објектот КАЗИНО / КОЦКАРНИЦА во Стоби и изготвен е Основен Проект за конзерваторско реставраторски работи на перистилот од објектот;

2.1.2. Извршени се археолошко конзерваторски истражувања на објектот ФОРУМ во Стоби и изработен е Основен Проект за конзерваторско реставраторски работи;

## *2.2.* Конзерваторски истражувања и изработка на проекти

2.2.1. Извршени се конзерваторски истражувања и изработен е конзерваторски проект: *Идеен проект за реконструкција на црквата Св. Богородица, с. Дабниште* (сводовите и кровниот покривач над делот од црквата изграден во 13 –ти век), општина Кавадарци. Идејиот проект е завршен и доставен до УЗКН*;*

2.2.2. Изработен е Проект за конзервација и реставрација на црквата Св. Архангел Михаил с. Горно Чичево.

2.2.3. Изработен еПроект за изградба на спомен облежје на Куќата на семејството на Кемал Ататурк, с. Коџаџик, Општина Центар Жупа.

2.2.4. Изработен е Анекс на Основниот Проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Св. Ѓорги Победоносец во с. Младо Нагоричане.

*2.2.5.* Проект за конзерваторско-реставраторски работи на икони на платно од црквата Св. Ахилие Ларискии, с. Требиште, Маврово и Ростуше. Проектот е возавршна фаза на изработка*;*

2.2.6. Проект за конзерваторско-реставраторски работи на икони од црквата Св. Архангел, с. Непроштено, Тетово. Проектот е изработен и доставен до Управата;

2.2.7. Проект за конзервација и реставрација на Куќата на Иџлал Сулејмани - Тетово. Проектот е во фаза на доработка;

2.2.8. Проект за конзервација и реставрација на архитектурата и живописот на црквата Св.ѓорги, с. Црквино - Велес. Проектот е во фаза на изработка.

2.2.9. Проект за конзервација и санација на куќа на Даут Болети на ул. Чеде Филиповски – Мајор бр. 68 во Гостивар, во фаза на иработка;

2.2.10. Проект за конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата на Стар манастир – црква Св. Атанасиј над с.-Лешок. Проектот е во фаза на изработка;

## *2.3.* Изработка на Конзерваторски проекти за превентивна заштита

2.3.1. *Проект за изведба на дренажен канал околу црквата Рождество на Пресвета Богородица во с. Манастирец, Македонски Брод.* Проектот е завршен, извршена е стручна контрола, добиено е Конзерваторско одобреие од УЗКН;

2.3.2. *Проект за изведба на дренажен канал околу црквата Св.-Никола с. Пласница, Македонски брод.* Проектот е завршен, извршена е стручна контрола, добиено е Конзерваторско одобреие од УЗКН;

2.3.3. *Проект за изведба на дренажен канал околу шарената џамија во Тетово.* Проектот е завршен, извршена е стручна контрола, добиено е Конзерваторско одобреие од УЗКН;

2.3.4. *Проект за изведба на заштитна кровна конструкција на старата црква Св. Атанасиј, над с. Лешок.* Проектот е завршен, извршена е стручна контрола, добиено е Конзерваторско одобрение од УЗКН;

2.3.5. *Проект за привремена заштита - изведба на времен кров на црквата Св. Ѓорги, с. Матејче, Општина Липково –Кумановско.* Проектот е завршен и доставен до УЗКН;

## *2.4.* Хемијски истражувања

*2.4.1.* Карактеризација на предмети од културно наследство со примена на хемометриски метод (истражувањата се уште сé уште течат);

*2.4.2.* Хемијска анализа на фасадни малтери од цр. Св. Богородица с.Дабниште - Кавадарци.

Централната хемијска лабораторија на НКЦ беше вклучена во сите активности за истражувачки работи и изготвување на конзерваторски проекти за недвижно и движно културно наследство по матичната програма, како и по барање од други установи за заштита (види Т. 1.2 стручна помош).

## *2.5.* Реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита)

### *2.5.1.* ***Архитектура***

*2.5.1.1.* Извршена е целосна демонтажа на елементите од кровната конструкција и првиот кат на културното добро - Бидикова куќа во Кратово, согласно со усвоениот Проект. *Приземниот дел од куќата е сочуван во целост.*

*2.5.1.2.* Конзервација и реставрација на оградни ѕидови од комплексот Големо теќе, Серсем Али баба во Тетово; - реализација на Втора фаза од проектот. Извршена е реставрација и реконструкција на оградниот ѕид, десно од главната Харман капија;

*2.5.1.3.* Реализација на Проектот за конзервација и реставрација на Куќата на М. Палоши на ул. Браќа Миладинови, бр.93, во Тетово; *завршена е реализација на Втората фаза, која опфати извршување на конзерваторско - реставраторски работи на три фасади од куќата: југоисточна, североисточна и југозападната;*

*2.5.1.4.* Реконструкција на западен конак - манастир Журче, Демир Хисар, *втора фаза; завршени се градежните работи поврзани со темелење на третата ламела и изведување на столбови на третата и четвртата ламела;*

### 2.5.2. ***Ѕидно сликарство***

*2.5.2.1.* Извршени се конзерваторско реставраторски работи на живописот на цр. Св. Никола/Ѓорѓи во с. Орах - Кумановско;

*2.5.2.2.* Извршени се конзерваторско реставраторски работи на живописот во цр. Воведение на Богородица, Карпински манастир, Кумановско; (прва фаза)

Програмираните конзерваторски работи на фасадната декорација на Шарената џамија во Тетово - завршна фаза ретуш, по отпочнувањето, работите беа прекинати по барање на УЗКН, а средствата се пренаменети за изведба на дренажен систем.

Конзерваторско реставраторските работи на фрески и икони во црквата Св. Илија с. Стенче не се отпочнати, бидејќи беше утврдено дека црквата нема својство споменик на културата. Дел од одобрените средства за таа намена, се побарани за спроведувањење на постапка за валоризација на објектот.

### 2.5.3. ***Икони и иконостаси***

*2.5.3.1.* Извршена е конзервација и реставрација на две престолни икони од цр. Св. Атанасие во с. Рајчица - Дебар;

*2.5.3.2.* Конзервација на иконостас, престолна икона и влезна врата на цр. Св. Јован Претеча - Манастир Слепче (прва фаза); активноста е во тек и ќе биде завршена до месец април 2010;

*2.5.3.3.* Завршена е конзервација и реставрација на Царски двери од с. Шопско Рударе (пренесена обврска од 2008 година);

Конзервацијата и реставрацијата на 10 икони од локален Музеј и Галерија - Кавадарци; конзервација и реставрација на две икони на НУ Музеј на Македонија како и конзервација и реставрација на Царски двери од Манастирот Зрзе се наведени во поглавјето за на Стручна помош на установите за заштита (Точки 1.2.7, 1.2.8 и 1.2.10 во овој Извештај).

### 2.5.4. ***Дрвена пластика***

*2.5.4.1.* Извршена е конзервација и реконструкција на резбана таванска розета од Куќа на Мехмед Палоши, Тетово;

*2.5.4.2.* Извршена е конзервација и реставрација на влезни врати од Горна џамија во Тетово;

## *2.6. Превентивна заштита*

*2.6.1.* Изведена е превентивна кровна конструкција на цр. Св.-Атанасиј (Стар манастир) с. Лешок Тетово;

*2.6.2.* Изведен е дренажен систем околу Шарената џамија во Тетово. *Работите се целосно завршени;*

## *2.7. Дополнителни програмски активности*

*2.7.1.* ***Валоризација***;

*2.7.1.1.* Изработен е Елаборат за привремена заштита на "Старата џамија", с. Теарце и *Предлог за донесување акт за привремена заштита*; предлогот е прифатен и Управата има донесено *Решение за привремена заштита;*

*2.7.1.2.* Изработен е Елаборат за привремена заштита на локалитет "Камено маало" – с. Коџаџик Општина Центар Жупа;

*2.7.1.3.* Изработен е Елаборат за привремена заштита на локалитет ЦрквиШте/ црква Св. ѓорги – с. Туденце, Општина Јегуновце и *Предлог за донесување акт за привремена заштита на локалитетот;*

*2.7.1.4.* Изработен е Елаборат за валоризација на Споменичка целина Архео- астрономски локалитет Кокино и Предлог за донесување Акт за заштита.

*2.7.2.* ***Започнати постапки за валоризација***

*2.7.2.1.* Црква Св. Илија - с. Стенче, Општина Тетово;

*2.7.2.2.* Црква Св. Ахилиј Лариски – с. Требиште, Маврово и Ростуше,

*2.7.2.3.* Црква Св. Ѓорги – с. Црквино, Велес

*2.7.2.4.* Објект Стар здравствен дом во с. Ростуше, општина Маврово и Ростуше.

*2.7.3.* ***Ревалоризација***;

*2.7.3.1.* Изработен е Елаборат за ревалоризација на заштитено недвижно добр *Музеј на Западна Македонија од НОВ – Кичево и Предлогот за донесување акт за прогласување на значајно културно наследство;*

## *2.8.* Посебни активности;

2.8.1. Извршено е 10 - дневно археолошко рекогносцирање за изградба на нов патен правец Велес - Прилеп, коридор 2. Во претходна постапка, по барање на Балкан консалтинг ДООЕЛ од Скопје - проектант ангажиран од Агенцијата за магистрални и регионални патишт,. НКЦ достави две службени информации со податоци за 171 археолошки локалитет на алтернативните патни пртавци бр 1, 2 и 3. За рекогносцирање на теренот беа ангажирани 8 стручни лица од НКЦ и две стручни лицва од НУ Народен Музеј - Велес. Патните и дневните трошоци, кои беа подмирени од сопствени средстава на НКЦ, не се надоместени од Барателот поради тоа што Владата на РМ и Агенцијата за патишта отстапија од планот за реализација на Проектот.

2.8.2. Снимање со тотална станица на значајни археолошки локалитети – акција која се реализира во договор и координација со УЗКН. Од НКЦ ангажирано е едно лице.

2.8.3. Извршено е стручно вештачење на уметнички вајарски дела, по барање на Општински суд во Битола;

2.8.4. Учество на едно стручно лице во работата на Консултански тим за конзервација и реставрација на Јужен бедемски ѕид на Скопската тврдина Кале (во рамките на посебната програма на Владата на Р. М. за капитални проекти).

## *2.9.* Вонпрограмски активности

2.9.1. Изработен е Проект за реставрација на архитектурата на Исхак Челеби џамијата во Битола. Проектот заедно со фазните проекти (конструктивно зајакнување, електрика, машинство) се целосно финансирани од ТИКА - Турска администрација за соработка и развој;

2.9.2. Изработен е Основен проект за внатрешно уредување и електрични инсталации на Објект Војничка трапезарија на арх лок. Балтепе Тетово (во рамките на посебната програма на Владата на Р. М. за капитални проекти);

2.9.3. Изработен е Проект за конзерваторски и реставраторски работи на иконостасот во цр. Св. Ѓорѓи, с. Лазарополе;

2.9.4. Реализиран е Основениот проект за конзервација и реставрација на објект Војничка трапезарија на арх. лок. Балтепе Тетово (во рамките на посебната програма на Владата на Република

Македонија за капитални проекти). Фазниот Проект за внатрешно уредување и електрични инсталации треба да се реализира во 2010.

2.9.5. Реализиран е Конзерваторскиот проект за иконостасот на цр. св Ѓорѓи с. Лазарополе;

2.9.6. Извршени се хемиски анализи на градежни материјали и стратиграфска анализа на боени површини од Исак Челеби џамија во Битола;

2.9.7. Извршени се физичко хемиски истражувања на ѕидно сликарство во Мустафа Пашина џамија во Скопје.

# 3. Други работи врз основа на закон

## *3.1.* Нормативно - правни работи

3.1.1. Донесена е Статутарна Одлука со која е извршена измена и дополнение на Статутот на НКЦ, во делот на организационата единица, археолошки локалитет "Стоби", кој се избриша од составот на Центарот, а истовремено се изврши усогласување на дејноста на Центарот со Одлуката за единствена класификација на дејностите во државата, донесена од владата на РМ; со која Центарот е внесен во дејност: "Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители" под шифра 91.03; по што се изврши и промена во Централниот регистер на РМ;

3.1.2. Донесен е Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работите (се избриша организационата единица "Стоби");

3.1.3. Се изготви и донесе План за јавни набавки за 2009 година;

3.1.4. Спроведени се 20 постапки, за јавни набавки од кои 16 од мала вредност и 4 со објавување Оглас (вредност над 5000 ЕУР)

3.1.5. Спроведена е постапка за преотстапување на 8 вработени од археолошкиот локалитет "Стоби", од кои 7 во новоформираната установа НУ "Стоби" - Градско и еден во Народен Музеј - Свети Николе;

3.1.6. Спроведени се комисиски две посебни постапки за примопредавање на архео-лошкиот локалитет "Стоби" со новоформираната НУ "Стоби" - Градско, од кои едната за примопредавање на недвижноста, односно археолошкиот локалитет како целина, по донесувањето на соодветната

Одлука од Владата на РМ, и другата за примопредавање на основните средства меѓу двете установи;

3.1.7. Во два наврати во текот на 2009 година, еднаш во јануари и втор пат во јули, спроведени се постапки за ангажирање на 11 лица на определено работно време преку Агенцијата за привремени вработувања, за потребите на работните процеси во Центарот;

3.1.8. Одржани се пет седници на Управниот одбор на Центарот, од кои произлегле околу 40 Одлуки и заклучоци, чија реализација се спроведувала и следела;

3.1.9. Во текот на 2009 година, спроведена е постапка за пензионирање на Никола Шентевски, конзерватор - советник;

3.1.10. Секојдневно се изработувани решенија, одлуки, нареди и сл. , од работен однос за 65 вработени на неопределено време;

3.1.11. Вршена е постојана коресподенција од секаков вид, со други државни органи и институции од земјата (Министерства, агенции, заводи и сл.);

3.1.12. Изготвувани се и склучувани различни видови договори со други правни лица и следена е нивната реализација.

### *3.2. Судски предмети*

3.2.1. Во текот на 2009 година од Основниот суд во Битола, донесена е повторна Пресуда по предметот за куќата на "Татарчеви" во Ресен, со која НКЦ се задолжува да надомести штета на тужителот (Севастија Таневска) од околу 1.800.000 денари, со камата од денот на утужувањето, но по истата Пресуда Центарот поднесе Жалба до Апелациониот суд во Битола, по што се очекува истиот да се изјасни во текот на 2010 година. НКЦ беше вклучен во судска постапка по еден кривичен предмет пред Основниот суд во Куманово (во врска со потрошените финансиски средства за "Радин Мост" во Кратово во текот на 2002 година од страна на тогашниот градоначалник во Кратово), а во корист на Центарот е решен судскиот спор по Тужба од Фондот за здравство на неплатен придонес за здравствено осигурување во 2004 година.

### *3.3. Финансиско - сметководствени работи*

3.3.1. Изготвен е Извештај за финансиското работење на НКЦ за 2008 година и истиот е усвоен од Управниот одбор, заедно со завршните сметки за 2008 година, за буџетската, донаторската и сметката за сопствени приходи;

3.3.2. Изготвени се месечни финансиски планови;

3.3.3. Вршени се секојдневно уплати и исплати (од сите сметки на Центарот);

3.3.4. Редовно се подготвувани документи за пресметување и исплатување на платите на вработените;

3.3.5. Вршена е континуирана набавка на потребните материјали, нивно издавање и водење на магацинска евиденција;

### *3.4. Општи работи*

3.4.1. Во доменот на општите работи континуирано се вршени дактилографски услуги, услуги на телефонска централа, експедирање на пошта, копирање на материјали, возачки и механички услуги.

3.4.2. Во архивата на НКЦ, заведени се 473 основни архивски броја, со околу исто толку подброеви. Во доставната книга за фактури впишани се 688 влезни фактури и 28 излезни фактури. Отворени се 822 налози за службено патување и 65 налози за теренска работа.

## Заклучни согледувања

Програмата за работа на НКЦ во 2009 година беше обликувана преку три сукцесивни постапки на предлагање: со поднесување на апликациите во конкурсниот рок до 30.07.2008 година, со приложување на дополнителни 19 апликации во месец август и потоа со уште една интертвенција за приклучување на група проекти. Консеквентно, по селекцијата од страна на надлежната Комисија на Министерството за култура, усвоената Програма доби обем кој го надминува кадровскиот и техничкиот капацитет на установата, од една страна, а од друга страна во неа се најдоа повеќе проекти со финасиски износи редуциорани до степен кој не овозможува извршување на предвидените работи. Освен тоа за неколку проекти што беа поддржани од Министерството, се утврди дека се однесуваат на културни добра кои немаат верифицирано споменичко својство, односно дека не е можно да се реализираат во согласност со законската регулатива. Ваквата состојба беше повод уште на почетокот од годината и неколку пати подоцна НКЦ да се обрати до Министерството со барања за пренамена или здружување и пренасочување на одобрени средства, за што беше добиена согласност само во одделни случаи и делумно задоцнето.

Остварувањето на Програмата се одвиваше во услови на осетен недостаток на стручен кадар (поради што и во 2009 година преку Агенцијата за времено вработување беа ангажирани 11 лица), но и при околности на изразена недоследност во динамиката на дозначување на средствата. Имено, финасирањето според месечни планови течеше регуларно заклучно со месец април, односно во период кога паралелно со матичните функции се вршеа истражувачки работи, се изработуваа проекти, основни планови и се обезбедуваа претходни законски услови за стартирање на проектите за непосредна заштита. Веќе за месец мај беа главно дозначени средства за нискобуџетните активности (износи од 25.000 до 100.000 денари), а само за два проекти со повисоки ставки за работи на непосредна заштита. Таков тек имаше финансирањето на Програмата и во периодот јуни - септември, додека од месечните побарувања за октомври и декември беа дозначени средства само за материјални трошоци и за плати на времено вработените лица. Провлекувањето на побарувањата од месец во месец, последично внесе неизвесности кои го отежнуваа организирањето на активностите, особено на тие од посложен вид и со подолго времетраење, така што за дел од проектите - поради задоцнета или недоволна финасиска поддржаност - НКЦ не ги искористи средствата.

Резимирајќи ја реализацијата на Програмата врз основа на напред изнесените податоци може да се констатира следното:

Во вршењето на матичните функции НКЦ задржа висок степен на извршување на обврските, надминувајќи го во одделни сегменти нивото од преходната година.

Стручна помош на установите за заштита е укажана по 31 предмет на работа од 13 баратели, (помош на 4 регионални заводи за заштита, 6 музеи и галерии, 2 општински органи и една установа за управување со културно добро) што претставува зголемување за близу 50% во споредба со 2008 година. При тоа, значително е проширен репертоарот на форми на дадена стручна помош преку: Изработка на конзерваторски проекти (за Завод и Музеј Битола --1, Завод и Музеј Прилеп - 1, Музеј на Македонија - 1); Истражувачки работи за конзерваторски проекти (Галерија на икони во Охрид); Физичко хемиски анализи за изработка на конзерваторски проекти (Завод и Музеј Битола -5, Завод и Музеј Прилеп - 3, Завод и Музеј Штип -1, Музеј на Македонија - 2, Конзерваторски центар Скопје - 2); Реализација на конзерваторски проекти (НУ Стоби - 2, Музеј на Македонија - 2, Музеј и галерија Кавадарци - 1, Завод и Музеј Битола - 1, Завод и Музеј Штип -1, Конзерваторски центар Скопје - 1, Општина Тетово -1); Учество во археолошки истражувања (Завод и Музеј Битола - 1, Завод и Музеј Штип - 1, Музеј на Свети Николе - 1); Изработка на техничка документација и стручно - технички снимања од различен вид (Музеј на Македонија - 2, Музеј во Струга - 2); Стручни консултации (Музеј на Западна Македонија Кичево);

Стручната контрола на конзерваторските проекти бележи зголемен обем за 7,5% (45 проекти, наспроти 39 во 2008 година), додека конзерваторскиот надзор на вршење на непосредна заштита беше речиси удвостручен (37 проекти, наспроти 22 во 2008 година). За проширениот обем на работа на НКЦ по овие две законски основи се должи на зголемениот број прифатени проекти за финансирање по програмите на другите установи за заштита.

Бројот на извршени комисиски и поединечни стручни увиди во состојбата на недвижно и движно културно наследство (42) е на ниво од 2008 година.

Заштитно - конзерваторски основи за ГУП и ДУП се изработени по 4 барања (за Општина Тетово, Општина Дебар и 2 за Општина Велес).

Координацијата со другите установи за заштита преку одржаните работни состаноци овозможи коректна соработка, иако во усогласувањето на потребите и можностите во одделни случаи на укажувањето стручна помош се јавуваа проблеми кои првенствено произлегоа од состојбите со дефицитарниот стручен кадар и неизвесностите во финансирањето на проектите на установите. Писмените барања кои беа упатени до Министерството за култура со цел на повисоко ниво да се разрешат одделни прашања поврзани со финансиското и техничкото работење, за жал, не го дадоа очекуваниот ефект.

ИНДОК центарот на НКЦ ги извршуваше редовните задачи и програмираните работи за 2009 година, како и обврските за опслужување на надворешни баратели, во услови на крајно лимитирани програмски средства (трикратно редуцирани и доделени збирно, а не според апликациите за посебните активности). Покрај тоа реализирана е изработката и хостирање на WEB страната на НКЦ со дизајн за актуелниот 60 годишен јубилеј на установата. Значаен ангажман во техничките подготовки за одбележување на јубилеј имаше токму оваа служба.

Со доделените средства за усовршување на стручни кадри реализиран е три месечен престој на едно стручно лице, за посетување на курс за конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во Институтот Палацо Стинели во Фиренца, Р. Италија.

Во сегментот на издавачката дејност и популаризација на културното наследство завршени се пренесените обврски од претходната година и реализиран е дел од предвидените активности по Програмата за 2009 година (Учество на саемите на книгата во Скопје и Битола). За списанието "Културно наследство" бр. 35 трудовите се уште се прибираат, а монографиите "Крушевска куќа" и "Чаршијата во урбаната структура на градовите во Република Македонија" се во завршна фаза на компјутерска обработка.

Меѓународната соработка во 2009 година НКЦ ја остваруваше преку форми на учество во регионалниот и националниот проект "Нуклеарни техники во заштитата на културното наследство, финасиран од Европската агенција за обнова и развој (координативен состанок во Виена, Р. Австрија; работилница во Бања Лука, Босна и Херцеговина; престој во Регионалниот центра во Загреб, каде е потпишан Меморандум за соработка). Во рамки на проектот "Стручна соработка со сродни институции во Р. Албанија и Р. Грција", посетен е Институтот за заштита на споменици на културата на Р. Албанија и потпишан е Меморандум за соработка. Меѓународен карактер има и соработката со ТИКА - Турска администрација за сообраќај и развој, која ги финасира проектите за конзервација и реставрација на Исак Челеби џамија во Битола и Мустафа Пашина џамија во Скопје.

Во доменот на основната дејност беа извршени програмираните археолошки конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проекти за два антички објекти во Стоби. Исто така целосно се завршени и истражувачките работи и изработката на проекти за 5 сакрални и профани споменици на културата. Изработени се 5 проекти за превентивна заштита на сакрални објекти. Во фаза на изработка се 5 проекти за конзервација и реставрација (Куќа на Иџлал Сулјемани во Тетово, Куќа на Даут Болети во Гостивар, цр. Св. Атанасиј во Лешок и икони на платно од цр. Св. Ахилие Лариски во с. Требиште, маврово Ростуше). Конзерваторскиот проект за конаците на Манастирот Св. Гаврил Лесновски не е завршен. Побараните средства за изработка на конзерваторски проекти за објектот Златкова кула, Кратово, не беа дозначени, а за средствата за Куќа на М. Д. Чаловски во с. Галичник по извршениот увид во состојбата писмено е сугерирано на Министерството да ги пренасочи на имателот.

Непосредната заштита опфати конзерваторско реставраторски работи на 4 сакрални и профани архитектонски објекти, конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во две цркви, како и на шест иконописни дела од три цркви. Одобрените средства не беа побарани и проектите не беа реализирани за цр. Св. Кирил и Методиј во Тетово - обнова на фасада (бидејќи доброто не е споменик на културата); за цр. Св. Илија, с. Грнчари, Ресен - архитектура (праДи недоволен износ на средствата); за архитектурата на цр. Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричане (поради недоволен износ); за цр. Св. Богородица во с.Лешок - дренажен систем (поради недоволен износ); за Ротода с. Коњух Кратово (поради смрт на апликантот) и за цр. Св. Атанасиј, Манастир Журче - ѕидно сликарство (поради стручно усовршување на апликантот во странство).

Превентивна конзерваторска заштита е извршена на црквата во с. Лешок (санација на кровна конструкција) и на Шарената џамија во Тетово (дренажен систем). Дренажниот систем на цр. Св. Никола во с. Пласница, Македонски Брод, не е реализиран поради крајно задоцнетото одобрување на пренаменети средства (25/28.12.2009).

Во 2009 година НКЦ изработи четири елаборати за валоризација на два локалитети и две сакрални градби, со предлози до УЗКН за донесување акт за заштита. Постапката за валоризација на уште четири културни доибра е во тек и ќе се пренесе во 2010 година. Изработен е еден елаборат за ревалоризација со Предлог за донесување акт за заштита (за Музејот на западна Македонија во Кичево).

Паралелно со обврските од редовната Програма, НКЦ во 2009 година реализира и неколку вонпрограмски активности. Во соработка со УЗКН по посебната Програма на Владата на Р. Македонија за капитални проекти, НКЦ ги раководеше конзерваторско реставраторските работи на објектот Војничка трапезарија на археолошкиот локалитет Балтепе во Тетово, за кој претходната година го изработи Основниот конзерваторски проект. Покрај тоа изготвен е и Основен проект за внатрешно уредување и електрични инсталации на реставрираниот објецт, кој треба да се имплементира во 2010 година. Со сретства од локален донатор, беше изработен и реализиран Проект за конзервација и реставрација на цр. Св. Ѓорѓи во с. Лазарополе, додека изработката на Проект и фазни проекти за реставрација на Исак Челеби џамија во Битола го финансираше Турската администрација за сообраќај и развој.

Непредвиден ангажман и непокриена трошковна позиција НКЦ има во врска со преземените службени дејствија по опжарувањето на конаците во Бигорскиот манастир (поголем број комисиски увиди, повеќедневен надзорен престој на група стручни лица во текот на расчистувањето и др.).

Во извештајната година НКЦ имаше посебно обемен ангажман за организирање и подготовки на одбележувањето “60 години од основањето на установата”. Одржани беа 18 работни состаноци на Организациониот одбор во потесен и во проширен состав; беше изготвена и отпечатена публикацијата “Пазачи на старините” во тираж од 1.000 примероци; изготвено е лого за настанот; беа изработени 20 изложбени паноа со фото

илустрации и технички планови, како и филмувана ретроспектива за работата на установата од основањето до денес. На прославата одржана во хотел Континентал на 12.12.2009 година, на која присуствуваа околу 300 гости, беа доделени плакети на 5 заслужни стручни и научни работници во областа на заштитата на културното наследство и благодарници за соработка на 10 организации, институции и установи од земјата и од странство.

| | |
|---|---|
| В.д. Програмски директор | Директор |
| м-р Зоран Георгиев | Бехиџудин Шехаби |

ЗГ/ЉТ